СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за работата на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола за 2015 година

**Битола, 2016 година**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## За работата на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола за 2015 година

Во согласност со одредбите на Законот за банките, Статутот на Стопанска банка а.д. Битола и други прописи, Одборот за ревизија како орган на банката е именуван на Собранието на акционери со мандат од две години.

Во извештајниот период од 1.1. до 31.12.2015 година, Одборот за ревизија ги извршуваше своите активности утврдени со законските акти, подзаконските прописи и интерните акти на Банката. Одборот за ревизија ги разгледа финансиските извештаи на Банката и се грижеше за точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации за нејзиното работење во согласност со прописите и меѓународните сметководствени стандарди, го следеше и изврши оцена на системот за внатрешна контрола, ја следеше работата и ја оценуваше ефикасноста на Секторот за внатрешна ревизија, го следеше процесот на ревизија на Банката и ја оценуваше работата на друштвото за ревизија, во континуитет го следеше усогласувањето на работењето на банката со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи.

Одборот за ревизија во текот на 2015 година оствари континуирана соработка со Управниот одбор и Секторот за внатрешна ревизија. Одборот за ревизија редовно ги разгледуваше и извештаите од работењето на Одборот за управување со ризиците.

На седниците на Одборот редовно присуствуваа мнозинството членови на Одборот за ревизија, членовите на Управниот одбор и претставниците од Секторот за внатрешна ревизија.

Одборот за ревизија во текот на 2015 година одржа пет седници на кои беа разгледани и усвоени различни материјали од надлежност на Одборот.

На **првата седница** одржана на **28.1.2015 година,** Одборот за ревизија ги разгледа, дискутираше и ги донесе следниве материјали:

- Годишен извештај за работењето на Секторот за внатрешна ревизија за 2014 година со прилог Преглед на наоди и препораки од извршени ревизии за периодот јануари-декември 2014
- Годишен план на Секторот за внатрешна ревизија за 2015 година
- Извештај за спроведената ревизија на управување со каматен ризик
- Извештај за спроведената вонредна ревизија на предметите за Пецо Нечовски и Живко Ристевски
- Извештај за спроведената вонредна ревизија на судскиот предмет за Јанаки Папакоч
- Извештај за спроведена ревизија на процесот за спречување на перење пари

- Извештај за оцена на преземените активности за надминување на неусогласеностите со законската регулатива и слабостите наведени во Записник од извршена непосредна теренска контрола И.бр. 17-85 од 13. 2. 2014 и Препораката бр. 536 од 22. 8. 2014 година
- Оценка на Одборот за ревизија на Стопанска банка АД Битола во согласност со барањата наведени во Записник од извршена непосредна теренска контрола И.бр. 17-85 од 13. 2. 2014 и Препораката бр. 536 од 22. 8. 2014 година
- Годишен извештај за работата на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д.Битола за 2014 година, со оценка на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно
- Извештај за работата на Одборот за ревизија за периодот од 1. 10 до 31. 12. 2014 година
- Извештај за работата на Одбор за управување со ризици за периодот од 01.10 - 31.12.2014 година.

На **втората седница** одржана на **27.2.2015** година, Одборот за ревизија ги разгледа, дискутираше и ги донесе следниве материјали:

- Извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола по годишна сметка за 2014 година со мислење на ревизорската куќа Гранд Тортон (Grant Thornton) и Мислење од Надзорниот одбор на Банката
- Годишна сметка на Стопанска банка а.д. Битола за 2014 година
- Годишен извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2014 година
- Извештај за работењето на Одборот за управување со ризици за периодот 1. 10. 2014 до 31.12.2014 година

На **третата седница,** одржана на **11.5.2015 година,** Одборот за ревизија ги разгледа, дискутираше и ги донесе следниве материјали:

- Извештај за работењето на Секторот за внатрешна ревизија на Стопанска банка а.д. Битола за периодот од 1. 1. 2015 до 31. 3. 2015 година со прилог Преглед на наоди и препораки од извршени ревизии на Секторот за внатрешна ревизија за периодот јануари-март 2015 година
- Извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за месец март 2015 година
- Неревидиран биланс на успех и биланс на состојба на Стопанска банка а.д. Битола со 31.3. 2015 година
- Извештај за работењето на Одборот за управување со ризици за периодот 1. 1. 2015 до 31. 3. 2015 година
- Извештај за работењето на Одборот за ревизија за периодот 1. 1. 2015 до 31. 3. 2015 година
- Извештај за спроведена ревизија на процесот на набавки

- Извештај за спроведена ревизија на процесот на кредитирање на физички лица
- Извештај за спроведената ревизија на сигурноста на информативниот систем и информативната технологија
- Извештај за спроведената ревизија на управувањето со оперативен ризик

На **четврта седница,** одржана на **22.7.2015 година,** Одборот за ревизија ги разгледа, дискутираше и ги донесе следниве материјали:

- Полугодишен Извештај за работењето на Секторот за внатрешна ревизија на Стопанска банка а.д. Битола со прилог Преглед на наоди и препораки од извршени ревизии на Секторот за внатрешна ревизија за периодот јануари-јуни 2015 година
- Извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за месец јуни 2015 година
- Неревидиран биланс на успех и биланс на состојба на Стопанска банка а.д. Битола со 30. 6. 2015 година
- Извештај за работењето на Одборот за управување со ризици за периодот од 1. 4. 2015 до 30. 6. 2015 година
- Извештај за работењето на Одборот за ревизија за периодот 1. 4. 2015 до 30. 6. 2015 година
- Извештај за спроведената вонредна ревизија на предметот за Агенција за вработување на Република Македонија
- Извештај за спроведената вонредна ревизија на предметот за АД Фабрика за кабли Неготино
- Извештај од спроведената ревизија на процесот на кредитирање на правни лица
- Извештај од спроведената ревизија на даноците од работењето

На **петтата седница,** одржана на **29.10.2015 година,** Одборот за ревизија ги разгледа, дискутираше и ги донесе следниве материјали:

- Извештај од спроведувањето на препораките на Секторот за внатрешна ревизија на Стопанска банка а.д. Битола со прилог Преглед на наоди и препораки од извршени ревизии за периодот јули-септември 2015 година
- Извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за месец септември 2015 година
- Неревидиран биланс на успех и биланс на состојба на Стопанска банка а.д. Битола со 30. 9. 2015 година
- Извештај за работата на Одборот за управување со ризици за периодот 1. 7. 2015 до 30. 9. 2015 година
- Извештај за работата на Одборот за ревизија за периодот 1. 7. 2015 до 30. 9. 2015 година

- Извештај за спроведената ревизија на корпоративното управување
- Извештај за спроведената ревизија на процесот-картично работење
- Извештај од спроведената ревизија на управувањето со каматен ризик
- Извештај од спроведената ревизија на електронското банкарство.

## Извештај за работата на Одборот за ревизија од аспект на поединечните членови

1. Жарко Михајловски - претседател на Одборот за ревизија

Господин Жарко Михајловски присуствуваше на сите 5 седници на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола во периодот од 1. 1. 2015 година до 31. 12. 2015 година. Г. Жарко Михајловски, како претседател на Одборот за ревизија, во текот на 2015 година активно учествуваше и ги координираше активностите во доменот на организација и работа на Одборот, во согласност со Деловникот за работа. Претседателот на Одборот за ревизија го утврдуваше предлогот за дневен ред на седниците, раководеше со седниците и активно учествуваше во работата на Одборот во согласност со законски дефинирани надлежности во член 91 став 9 од Законот за банките, подзаконските прописи и интерните акти на банката. Активно учествуваше во дискусиите за резултатите од работењето на банката, во дискусиите по одделни наоди и нивното влијание во целокупното работење на банката. Со своите конструктивни забелешки, коментари и насоки придонесе за континуирано подобрување на квалитетот и ефикасноста на Секторот за внатрешна ревизија.

2. Ненад Јосифовиќ – член на Одборот за ревизија

Господин Ненад Јосифовиќ присуствуваше на сите 5 седници на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола во периодот од 1. 1. 2015 година до 31. 12. 2015 година. Г. Ненад Јосифовиќ, како член на Одборот за ревизија избран од членовите на Надзорниот одбор на банката, со својот ангажман, професионалност и посветеност придонесе значително во подобрувањето на процесите и активностите на банката, како и нејзиното целокупното работење. Активно учествуваше на седниците на Одборот за ревизија, при што со своите конструктивни дискусии, барања, проследувања и забелешки придонесе за квалитетно и ефикасно функционирање и исполнување на задачите на Одборот. Особено се залага за почитување на законските прописи, интерните акти на банката, како и препораките и укажувањата на Народна банка на РМ. Воедно, тој се залага за навремено имплементирање и спроведување на наодите и препораките од Секторот за внатрешна ревизија, со што учествува во целокупното подобрување на работењето на банката.

3. Панче Нефтенов – член на Одборот за ревизија

Господин Панче Нефтенов присуствуваше на сите 5 седници на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола во периодот од 1. 1. 2015 година до 31. 12. 2015 година. Г. Панче Нефтенов, како член на Одборот за ревизија, избран од редот на членовите на Надзорниот одбор, придонесе значително во успешното работење на Одборот за ревизија во текот на 2015 година. Доброто познавање на работењето на Банката, законските прописи од оваа област и пошироко, ризиците на кои таа е изложена и системот на внатрешна контрола,

придонесоа во успешното функционирање на Одборот за ревизија, во согласност со неговата улога регулирана во законските прописи.

4. Дејан Панделески – член на Одборот за ревизија

Господин Дејан Панделески присуствуваше на сите 5 седници на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола во периодот од 1. 1. 2015 година до 31. 12. 2015 година. Господинот Дејан Панделески е член на Одборот за ревизија избран од редот на членовите на Надзорниот одбор. Со своето неколкугодишно присуство и активно членување во Надзорниот и Одборот за ревизија, добро познавајќи го работењето на банката и нејзините производи и услуги, придонесе значително за ефикасното и успешно спроведување на работата на Одборот за ревизија.

5. Стевчо Јолаковски – член на Одборот за ревизија

Господинот Стевчо Јолаковски присуствуваше на 4 од вкупно 5 седници на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола во периодот од 1. 1. 2015 година до 31. 12. 2015 година. Г. Стевчо Јолаковски ја извршува функцијата и е назначен како член на Одборот за ревизија од Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола на седницата одржана на 14. 1. 2015 година со мандат од две години. Учествувајќи како независен надворешен член, со своите дискусии и конструктивни коментари, тој придонесе за успешно функционирање на Одборот.

Во 2015 година членовите на Одборот за ревизија успешно ги исполнија своите обврски кои произлегуваат од Законот за банки, подзаконската регулатива, Статутот и други интерни акти на Банката. Имено, тие со своите сугестии и предлози дадоа значаен придонес во доследно спроведување на планираните активности на Банката. Одборот за ревизија, во соработка со надлежните органи и организациони единици на Банката, придонесе Банката да има соодветен процес на ревизија, да работи во согласност со прописите, како и да објавува точни и објективни финансиски информации, во согласност со прописите за сметководство и со меѓународните сметководствени стандарди.

Претседател
на Одборот за ревизија на
Банката

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 4

Жарко Михајловски